Врз основа на чл.52 став 1 од Законот за административни службеници (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.27/2014,199/2014,48/2015,154/2015,5/2016,и 142/2016) и доставената финална ранг лста на интервјураниот кандидат и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат бр.04-431/13 од 22.05.2019 година ,а во врска со објавениот интерен оглас за вработување бр.01/2019 од 07.02.2019 година,објавен на интернет страниците на Општина Босилово на ден 07.02.2019 година и Агенцијата за администрација Скопје Градоначалникот на Општина Босилово донесува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОСИЛОВО
Бр. 09-903/1
30.05 201 9 год.
Босилово

# О Д Л У К А

За избор на кандидат по објавен интерен оглас

За унапредување на административен службеник во Општина Босилово

1. За работното место Раководител на одделението за внатрешна ревизија со УПР 0101 Б04 000 се избира кандидатот Борис Милков
2. За работното место предвидени се сретства во Буџетот на Општина Босилово за 2019 година во ставка 401 – основни плати на административни службеници потставка 401120 за унапредување по интерен оглас бр.01/2019

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 07.02.2019 година на интернет страницата на Општина Босилово и Агенцијата за администрација беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во општинската администрација Босилово.

Постапувајки по одредбите од Законот за административни службеници комисијата за селекција за унапредување на државен службеник со записник бр.04-431/12 од 22.05.2019 год.комисијата за селекција Изврши административна селекција по интерниот оглас бр.01/2019 од 07.02.2019 година и констатира дека за работното место Раководител на одделението за внатрешна ревизија се пријавил еден кандидат.

На ден 22.05.2019 година со уредно пријавениот кандидат Градоначалникот на Општина Босилово изврши интервју за што постои и записник од спроведеното интервју за унапредување на административен службеник бр.04-431/13 од 22.05.2019 година.и до комисијата за за селекција за унапредување достави извештај за спроведеното интервју за унапредување на административен службеник.

Врз основа на добиените резултати се изврши финална ранг листа на интервјурирани административни службеници и предлог одлука за избор на на прво рангираниот кандидат по објавениот оглас бр.01/2019 година и истата беше доставена до Градоначалникот на општина Босилово при што се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

ПРАВНА ПОУКА:Против ова одлука кандидатот има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8(осум)дена од денот на објавувањето на одлуката на ВЕБ страната на Општина Босилово.

Општина Босилово
Градоначалник
Зоран Зимбаков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАДОНАЧАЛНИК * ОПШТИНА БОСИЛОВО
Босилово